**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-219/8**
**Скопје, 06. 06. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРВА ВЕЛЕС**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Велес за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиките извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на општина Велес, за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Аце Коцевски, Градоначалник на Општина Велес во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 23.04. 2007 до 25.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 0803 – 2283/2 од 01.06.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Органот на општина Велес од Градоначалникот на општината. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.2.1. кои се однесуваат на пропустите во постапката за јавна набавка на нафта за затоплување не се прифаќаат и наодот останува и во Конечниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Велес на ден 31 декември 2006 година постојат неискористени средства од корисниците во износ од 1.271 илјади денари. Ова е резултат на нереализирани програмски активности и нереализирана набавка на возило за Народниот музеј на Велес, што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за буџет. За овие активности се планирани средства со финансискиот план и се обезбедени средства на сметката за наменски дотации. Непочитување на законските прописи придонесува на сметките за наменски дотации на 31 декември да има неискористени средства.
**Препорака:**
Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани, согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

**11.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

11.2.1. Од Општина Велес за потребите за затоплување на основните и средните училишта, ОЈУДГ„Димче Мирчев" и територијалната противпожарна единица во општината, спроведена е постапка за јавна набавка со отворен повик. Сите четири понудувачи кои се јавиле на повикот ги исполнувале критериумите за гаранција и квалитет на горивото кое било предмет на набавка, со самото тоа што имале доставено сертификати од овластени куќи за неговиот квалитет и навеле во понудата дека квалитетот на горивото е во согласност со стандардите кои важат во Републка Македонија и Правилникот за квалитет за течни горива (Сл. Весник на РМ бр 72/2003). Независно од предметот и природата на набавката, комисијата за јавни набавки при дефинирањето на критериумите за избор на најповолна понуда ги применила сите критериуми согласно Методологијата за изразување на критериумите во бодови (Сл. Весник на РМ бр. 10/2005), со тоа што како критерим за оценка на квалитетот на горивото покрај другите, ги користела критериумите естетски каректеристики и технички спецификации, како и критериумот постпродажен сервис, а се однесува за

сервис на опрема по изминување на гаранцискиот период. Ваквиот начин на работење на комисијата довело до необјективно бодување и рангирање, услови за нееднаква положба на понудувачите и фаворизирање на одредени фирми. Прворангираниот најповолен понудувач ДП „Интернејшенел Трејд„ од Скопје е избран од причина што истиот обезбедил постпродажен сервис на горивото, т.е. се обврзал без надомест навремено да ги отстрани сите оправдани и навремено изјавени рекламации за квантитетот и квалитетот на горивото во гарантен период, кој важи за цело време на исполување и важност на склучениот Договор од денот на испораката на екстра лесното гориво. Понудувачот „Алма Комерц„ Неготино има доставено три пати жалба до Комисијата за жалби при Владата на Република Македонија. Комисијата за јавни набавки на општина Велес постапувајќи по решенијата на второстепената комисија во два наврати го избирала истиот понудувачот „ДП Интернејшенел Трејд„ Скопје како најповолен. По кој избор „Алма Комерц„ Неготино доставила и трета жалба по која Комисијата за жалби при Владата на Република Македонија нема одлучувано од причина што „Алма Комерц„ во меѓувреме се откажала од постапката.

**Препорака:**

Комисијата за јавни набавки да го применува член 53, алинеја 4 и 6 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник бр 19/04, 109/05) и член 5 од Методологијата за изразување на критериумите во бодови (Сл. Весник бр 10/2005) во зависност од предметот и природата на набавка.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Велес на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје, 04.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ 930**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 36.248 | 15.249 |
| **Вкупно приходи** | | **36.248** | **15.249** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 8.673 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 26.123 | 14.984 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **34.796** | **14.984** |
| **Капитални расходи** | | **181** | **190** |
| **Вкупно расходи** | | **34.977** | **15.174** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.271** | **75** |

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ 930**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.271 | 75 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.271** | **75** |
| **Вкупна актива** | | **1.271** | **75** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.271 | 75 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.271** | **75** |
| **Вкупна пасива** | | **1.271** | **75** |